21-05-2013год.

ВПП бр.15/13

ОСНОВНИОТ СУД ВО ШТИП, како првостепен, претставен од судијата Емилија Буриќ со записничар Бранкица Делиовска, постапувајќи по предлогот од чл.212 од ЗТД поднесено од предлагачот Владислав Михаилович Втулкин од Москва - Руска Федерација, преку полномошник адвокат Ненад Јаниќевиќ, према противниците Трговска друштво за трговија, производство и услуги Имако доо узвоз - извоз - Штип, и Винарска Визба Имако Вино дооел - Штип, вредност 40.000,оо денари, по одржано рочиште во присуство на полномошникот на предлагачот адвокат Ненад Јаниќевиќ, законскиот застапник на противникот Имако доо - Ристе Љуботенски и полномошникот на Винарска Визба Имако Вино дооел - адвокат Гоце Цоневски, на ден 13.05.2013 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот на предлагачот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА противникот Трговско друштво за трговија, производство и услуги Имако доо увоз - извоз - Штип, да му овозможи на предлагачот Владислав Михаиловиќ Втулкин пристап и увид во актите и целокупната финансиска документација.

Предлогот на предлагачот Владислав Михаилович Втулкин со кој бара да се задолжи Винарска Визба Имако Вино доодел Штип да му овозможи пристап и увид во актите и целокупната финансиска докуметнација, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.

СЕ ЗАДОЛЖУВА предлагачот на противникот Винарска Визба Имако Вино дооел Штип да му ги надомести трошоците по постапката во висина од 10.322,оо денари, во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на решението.

Се задолжува предлагачот да изврши уплата на судска такса за одлука вовисина од 800,оо денари, во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Предлагачот Владислав Михаилович Втулкин од Москава - Руска Федерација поднесен преку полномошник адвокат Ненад Јаникевиќ од Скопје, поднесе предлог за спроведување на вонпроцесна постапка за реализација на права од чл.212 од Законот за трговски друштва, према противниците Трговска друштво за трговија, производство и услуги Имако доо узвоз - извоз - Штип, и Винарска Визба Имако Вино дооел - Штип, вредност 40.000,оо денари.

Согласно чл.10 од Законот за вонпарнична постапка судот определи рочиште по повод предлогот.

На рочиштето предлагачот преку полномошникот остана при

наводите во предлогот, предложи судот да го усвои и спрема Имако доо и спрема Имако Вино дооел Штип, со тоа што нагласува дека предлагачот е оневозможен да го реализира своето право кој како содружник го има кај противниците право на увид во актите и другите документи кај противниците. Со тоа што иако формално правно кај Имако Вино дооел не фигурира како содружник смета дека тоа право го поседува со оглед на потпишан договор за деловна техничка и финансиска соработка помеѓу предлагачот и Ристе Љуботенски во однос на содружничкиот статус на Имако Вино дооел, кој пак е основач на Винарска визба Имако Вино дооел Штип, така да предлагачот има содружнички статус и кај противникот Имако Вино дооел, иако на недозволен начин истиот формално правно е исклучен како содружник кај противникот, па предлага предлогот по чл.212 од ЗТД да биде усвоен према двајцата противници.

Во одговор полномошникот на противникот Винарска визба Имако Вино доодел Штип, адвокат Гоце Цоневски, изјави дека го оспорува предлогот затоа што предлагачот не бил ниту е содржник Винарска визба Имако Вино дооел, што е видно и од доказите во прилог на предлогот. Предложи судот да го одбие предлогот во однос на противникот Винарска Визба Имако Вино дооел Штип.

Законскиот застапник на Имако доо - Штип - Ристе Љуботенски, изјави дека предлагачот е содружник и ги има правата од чл.212 од ЗТД, кои никогаш не му биле попречени, а самиот предлагач никогаш не се обратил до противникот со барање за реализација на ваквото право кое не му го попречува па предлагачот може во секое време како содружник да го реализира правото на увид во актите и целокупната финансиска документација, а што се однесува до она што го бара во Винарска Визба Имако Вино дооел како содружник и основач изјавува дека такво право предлагачот не поседува и нема статус на содружник.

Заради донесување на одлука судот изврши увид во приложените материјални докази: извод од Централен регистар од 19.03.2013 година и се однесува на Имако доо Штип од 19.03.2013 година во однос на Имако Вино дооел Штип, договор за деловна техничка и финансиска соработка од 13.11.2004 година оверен кај нотар Ленче Каранфиловска под Узп.бр.595804 од 13.11.2004 година, договор за основање на доо од 18.11.2004 година, одлука за пристапување на содружник бр.49-04 од 18.11.2004 година, изјава од Ристе Љуботенски и предлагачот Втулкин без датум, договор за пренос на удели од 20.09.2007 година, одлука за истапување и пристапување на одружник од 30.07.2009 година, информација за економско финансиска состојба на Имако Вино дооел Штип на Централен регистар на РМ број 0905-23/263 од 27.03.2013 година со преглед на билансна состојба, индикатори за проценка на бонитет на фирма, билансна состојба, преглед на податоци од годишна сметка за 2011 година, индикаториза оценка на субјектот, копија од патна исправа - пасош, кривична пријава упатена до ОЈО од 26.04.2013 година, одлука за промена на назив на друштво од 14.11.2005 година, извод уплатница за уплата на 02.11.2004 година преку Стопанска банка АД Скопје.

Од увидот во приложените докази судот оцени дека предлогот во однос на противникот Имако доо увоз извоз Штип е основан, што нее и спорно помеѓу странките, па одлучи како во ст.2 од изреката на ова

решение, со тоа што се имаше во предвид дека предлагачот неспорно има статус на содружник кај противникот, и има право на реализација на право на увид во смисол на чл.212 ст.1 од Законот за трговски друштва и има основ да бара тоа право да го реализира во смисол на чл.212 ст.2 од ЗТД.

Во однос на противникот Винарска Визба Имако Вино дооел Штиппредлогот е неоснован, затоа што предлагачот нема статус на содружник и нема основ да бара реализација на права во смисол на чл.212 од ЗТД, затоа што тоа право се однесува на содружници.

При одлучувањето судот ги ценеше наводите изнесени во предлогот и дополнение на истиот на рочиштето во однос на тоа дека иако предлагачот формално не е упишан како содружник во Централниот регистар тој статусот го има врз основа на договор за деловна соработка и смета дека не основано тој статус му е попречен, како и правата што еден содружник ги има кај Трговското друштво, меѓутоа во однос на тоа прашање кое е статусно, регулирано со ЗТД судот не се впушти затоа што тоа е предмет на посебна постапка и соодветно тужбено барање и не постои никаков основ да се расправа во вонпранична постапка.

Од изложеното согласно чл.10 и 22 од ЗВП се одлучи како во изреката на решението.

Согласно чл.32 од ЗВП, предлагачот е должен на противниците да и ги надомести трошоците по постапката, па во тој смисол е задолжен на противникот Имако Вино дооел да му ги надомести трошоците во висина од 10.322,оо денари, од кои: за застапување од полнмошник адвокат 5.522,оо денари, патни трошоци за користење на сопствено возило 4.800,оо денари, кои се во согласност со АТ на РМ, а противникот Имако доо не пријави трошоци по постапката.

Се задолжува предлагачот да плати на име такса за одлука 800,оо денари, во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на решението.

ОСНОВЕН СУД - ШТИП, 13.05.2013 г.

Судија,
Емилија Буриќ,с.р.

ПОУКА: Незадовлната странка има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на решението преку овој суд до Апелациониот суд - Штип.